Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 39-та седница, одржано на ден 19.10.2020 година, донесе

**О д л у к а**

СЕ ЗАПИРА постапувањето по предметот со број 09-2321/1 од 06.04.2019 година, бидејќи активностите наведени во пријавата се извршени во 2009-2013 година, поради што делото е застарено согласно член 107 став 1 точка 5 од Кривичниот Законик на РСМ.

Предметот со број 09-2321/1 од 06.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2321/1 од 06.04.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи за сомневање за корупција и судир на интереси против -----------, поранешен заменик претседател на Владата на Република Македонија. Според пријавителот постои основано сомнение дека ова лице ги злоупотребило јавните овластувања и должности за остварување на користољубиви цели за себе, односно обезбедил согласност за вработување на ----------------- од Министерството за финансии. И во период 2009/2010 бил избран за наставник на ------------------, во време кога ја извршувал функцијата заменик претседател на Владата на РСМ.

Државната комисија се обрати до ---------------- со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба по конкретниот предмет. Беше побарана информација за постапката за избор за наставник на ----------------- за лицето -------------, како и постапката за негово вработување.

Од увидот во документацијата, Државната комисија го утврди следново конкурсот за избор за наставник во сите наставно- научни звања на научната област применети политички науки на политички студии на ----------------- е распишан на 24.12.2009 година. На конкурсот се јавил само еден кандидат, ----------------. По спроведна соодветна постапка, согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно стручни и соработнички звања на Универзитетот „Кирил и Методиј„ во Скопје, ----------------- засновал работен однос на -------------------- на 01.08.2011 година.

Поради фактот што конкурсот за избор за наставник во сите наставно- научни звања на научната област применети политички науки на политички студии на -------------------- е распишан на 24.12.2009 година, Државната комисија не може да покрене Иницијатива за кривично гонење на одговорно лице согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а во врска со член 353 –в од Кривичниот Законик, бидејќи делото е застарено согласно член 107 став 1 точка 5 од Кривичниот Законик на РСМ. Притоа, по проверка во Базата на подтатоци на Државната комисија се констатира дека на ден 15.04 2010 година Државната комисија, постапувала по сопствена иницијатива за наведениот предмет, пришто е донесен заклучок дека тогашниот Заменик Претседател на Владата на Република Северна Македонија не се наоѓа во состојба на судир на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М., виш соработник

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk